**МАКЕДОНСКИ
РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР
ДОО СКОПЈЕ**

***Финансиски извештаи за 2005 година***

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ
ДО
СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА
ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ**

Врз основа на Ваше барање, извршивме ревизија на финансиските извештаи на Винарска Визба ТИКВЕШ АД Кавадарци (Друштвото) за годината која завршува на 31.Декември 2005 година. Под финансиски извештаи се подразбираат Билансот на успех, Билансот на состојба, Извештајот за паричните текови, Извештајот за промените на капиталот и Образложенијата кон финансиските извештаи

Финансиските извештаи, заедно со образложенијата кон истите, се одговорност на раководството на Друштвото. Наша одговорност е да дадеме мислење за финансиските извештаи, базирано на извршената ревизија.

Финансиските извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31.Декември 2004 година беа ревидирани од страна на друго ревизорско друштво, чиј што Извештај издаден на 8 Април 2005 година искажа мислење без резерва (позитивно мислење) за финансиските извештаи, со обрнување внимание на судскиот спор со Министерството за финансии - Сектор за управување со средства.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие бараат да ја планираме и подготвиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјано значајни погрешни прикази. Ревизијата вклучува испитувања на евиденциите врз база на тестирање, проценка на сите користени сметководствени принципи, како и оценка на општата презентацијата на финансиските извештаи. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за издаденото мислење.

Како што е објаснето во Образложенијата 2(б) и 3(к) кон финансиските извештаи, Друштвото систематично вршело ревалоризација на своите недвижности, постројки и опрема, користејки ги законски определените коефициенти за ревалоризацијата засновани на стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи. Ваквата ревалоризација, според наше мислење, не е во согласност со МСС 16, според кој недвижностите, постројките и опремата треба да се водат според нивните набавни трошоци намалени за акумулираната амортизација или по проценета вредност, која е нивна објективна вредност на датумот на проценувањето. Друштвото ги немаше подготвено информациите потребни за проценка на вредноста на недвижностите, постројките и опремата во согласност со МСС и како последица на тоа ние не бевме во можност да се стекнеме со разумно уверување во однос на нивното вреднување.

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ (Продолжение)**
**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА**
**ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ**

Како што е објаснето во Образложението 3(и) кон финансиските извештаи, во текот на 2005 година, Друштвото извршило промена на сметководствената политика во делот трошоците кои се вклучуваат во набавната вредност на залихите (готовите производи). Имено, до 31.Декември 2004 година Друштвото во набавната вредност на залихите на готови производи вклучувало останати општи трошоци на работење кои почнувајќи од 2005 година се третираат како расход на периодот. Износот на ефектот врз залихите на готовите производи, а со тоа и на билансите на успех за 2005 и 2004 година поради ваквата промена на сметководствената политика е непрактично да се обелодени поради сложеноста на евиденциите и потребата за повторна пресметка на вредноста на залихите на готовите производи со состојба на 31.Декември 2003 и 2004 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на финансиските извештаи кои ги имаат или може да ги имаат претходните пасуси, приложените финансиски извештаи реално и објективно, во сите материјални аспекти, го прикажуваат финансискиот резултат, финансиската состојба, промените во паричните текови, како и состојбата и промените на капиталот за годината која завршува на 31.Декември 2005 година на Винарската Визба ТИКВЕШ АД Кавадарци, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, ---- Април 2006 година

| **Овластен ревизор** | **Директор** |
|---|---|
| Антонио Велјанов | Антонио Велјанов |

# Б И Л А Н С Н А У С П Е Х

| | Образлож. | 2005 Ден.000 | 2004 Ден.000 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | 883,803 | 830,878 |
| Трошоци на продадени производи и услуги | 5 | (860,269) | (562,131) |
| **БРУТО ДОБИВКА** | | **23,534** | **268,747** |
| Останати оперативни приходи | 6 | 475,839 | 12,577 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | 7 | (39,791) | (46,066) |
| Административни расходи | 8 | (69,794) | (67,527) |
| Останати оперативни расходи | 9 | (146,591) | (121,274) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | | **243,197** | **46,457** |
| Приходи од финансирање | 10 | 15,001 | 21,446 |
| Расходи од финансирање | 11 | (147,250) | (52,989) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **110,948** | **14,914** |
| Данок од добивка | 12 | (6,149) | (376) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **104,799** | **14,538** |
| **Основна заработувачка по акција (Ден. за 1 акција)** | 28 | **541.09** | **70.84** |
| **Разводнета заработувачка по акција (Ден. за 1 акција)** | 28 | **507.50** | **70.40** |

Скопје, -- Април 2006 година

**Управен Одбор**
**Претседател**

| | Образлож. | 2005 Ден.000 | 2004 Ден.000 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 13 | 14,721 | 91,850 |
| Побарувања од продажба | 14 | 199,070 | 164,625 |
| Побарувања за дадени аванси | 15 | 3,343 | 1,715 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 16 | 29,052 | 21,645 |
| Залихи | 17 | 1,043,138 | 1,065,388 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,289,324** | **1,345,223** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Вложувања расположливи за продажба | 18 | 86,837 | 30,763 |
| Дадени долгорочни позајмици | 19 | 1,843 | - |
| Нематеријални средства | 20 | 199 | 301 |
| Недвижности, постројки и опрема | 21 | 920,600 | 771,665 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1,009,479** | **802,729** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **2,298,803** | **2,147,952** |
| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 22 | 596,202 | 152,888 |
| Краткорочни кредити | 23 | 365,026 | 383,188 |
| Тековна доспеаност на долгорочните обврски | 25 | 134,449 | 578,804 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 24 | 66,675 | 52,518 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,162,352** | **1,167,398** |
| **Долгорочни обврски** | 25 | **297,344** | **309,579** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **1,459,696** | **1,476,977** |
| Акционерски капитал | 26 | 643,637 | 643,637 |
| Резерви | | 33,320 | 44,239 |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| Објективна вредност на вложувања | | 57,351 | (1,204) |
| Акумулирана добивка | | 104,799 | (15,697) |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ** | | **839,107** | **670,975** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | **2,298,803** | **2,147,952** |

| | Образ. | 2005 Ден.000 | 2004 Ден.000 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **110,948** | **14,914** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација | 20 и 21 | 74,785 | 42,381 |
| Расходи (приходи) од камати и дивиденди, нето | 10 и 11 | 142,900 | 45,925 |
| Приходи од отпис на обврски | 6 | (460,613) | - |
| Капитална добивка од продажба на акции | 10 | (8,436) | - |
| Останати непарични приходи и расходи, нето | | (325) | - |
| Сегашна вредност на расходувани основни средства | | 8,541 | - |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **(132,200)** | **103,220** |
| Побарувања од продажба | | (34,445) | (32,151) |
| Побарувања за дадени аванси | | (1,628) | (59) |
| Останати тековни средства и АВР | | (9,196) | (7,330) |
| Залихи | | 22,250 | (127,698) |
| Обврски од добавувачи | | 443,314 | 39,691 |
| Останати тековни обврски и ПВР | | 8,885 | (451) |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **296,980** | **(24,778)** |
| Платена камата | | (146,218) | (49,295) |
| Платен данок од добивка | | (30) | (376) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **150,732** | **(74,449)** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Приливи (одливи) од продажба и купувања на хартии од вредност | | 10,917 | (8,461) |
| Дадени долгорочни позајмици | 19 | (1,843) | - |
| Примени камати | 10 | 756 | 1,357 |
| Примени дивиденди | 10 | 2,562 | 2,013 |
| Купување на недвижности, постројки и опрема | 21 | (226,114) | (195,992) |
| Купување на лиценци | 20 | - | (341) |
| Продажби на недвижности, постројки и опрема | | - | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(213,722)** | **(201,424)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | 25 | 4,023 | 368,970 |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | 23 | (18,162) | (18,996) |
| Исплатени дивиденди | | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(14,139)** | **349,974** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | | **(77,129)** | **74,101** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА** | **13** | **91,850** | **17,749** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **13** | **14,721** | **91,850** |

**ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ**

| | Обични акции | | Приоритетни акции | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на Акции | Износ | Број на Акции | Износ | Резерви | Ревалоризациона резерва | Објективна вредност на вложувања | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно капитал |
| **Состојба на 01 Јануари 2004** | **191,941** | **514,226** | **14,559** | **39,005** | **77,969** | **32,792** | **-** | **25,114** | **689,106** |
| Усогласувања на побарувања | - | - | - | - | - | - | - | (30,235) | **(30,235)** |
| Усогласувања на капиталот | - | 84,032 | - | 6,374 | (33,441) | (32,792) | - | (24,173) | **-** |
| **Повторно прикажана почетна состојба** | **191,941** | **598,258** | **14,559** | **45,379** | **44,528** | **-** | **-** | **(29,294)** | **658,871** |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | - | - | - | - | 14,538 | **14,538** |
| Распределба на акумулираната добивка за дивиденди на приоритетни акции | - | - | - | - | - | - | - | (941) | **(941)** |
| Усогласување на вложувања расположливи за продажба до објективна (пазарна) вредност | - | - | - | - | - | - | (1,204) | - | **(1,204)** |
| успех | - | - | - | - | (289) | - | - | - | **(289)** |
| **Состојба на 31 Декември 2004** | **191,941** | **598,258** | **14,559** | **45,379** | **44,239** | **-** | **(1,204)** | **(15,697)** | **670,975** |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | - | - | - | - | 104,799 | **104,799** |
| Распределба на акумулираната добивка за резерви и покривање на акумулираната загуба | - | - | - | - | 2,181 | - | - | (2,181) | **-** |
| Распределба на акумулираната добивка за дивиденди на приоритетните акции | - | - | - | - | - | - | - | (942) | **(942)** |
| Капитална добивка од продажба на обврзници за земјиште | - | - | - | - | - | - | - | 6,045 | **6,045** |
| Усогласување на вложувања расположливи за продажба до објективна (пазарна) вредност | - | - | - | - | - | - | 58,555 | - | **58,555** |
| Распределба на резервите за покривање на акумулираната загуба | - | - | - | - | (12,775) | - | - | 12,775 | **-** |
| Корекции по записник на УЈП | - | - | - | - | (325) | - | - | - | **(325)** |
| **Состојба на 31 Декември 2004** | **191,941** | **598,258** | **14,559** | **45,379** | **33,320** | **-** | **57,351** | **104,799** | **839,107** |